NEWS
SEPTEMBER 11, 2020

# НОВА ПРОГРАМА ЗА ЛОЈАЛНОСТ ЗА ФИЗИЧКИ ЛИЦА ОД ЛУКОИЛ МАКЕДОНИЈА

ЛУКОИЛ Македонија лансираше нова програма за лојалност за физички лица наречена „ЛУКОИЛ КЛУБ“. Поените се собираат едноставно, односно со трансакции направени на продажните места на ЛУКОИЛ Македонија, при што секој поен има вредност од по 1 денар, а пак корисниците за да станат член во програмата „ЛУКОИЛ КЛУБ“ потребно е да поседуваат кориснички број од македонски мобилен оператор, на кој ќе добијат СМС со 4-цифрен код со кој ќе можат да пристапат во програмата.

Со цел олеснето членство и одговарање на потребите на сите заинтересирани корисници, компанијата овозможи два начини за пристапување во програмата. Имено, за да се стане член во „ЛУКОИЛ КЛУБ“, корисниците ќе треба или да подигнат ЛУКОИЛ КЛУБ картичка од која било од бензинските станици со наточено гориво од најмалку 1000 ден., или пак да ја преземат мобилната апликација – виртуелна ЛУКОИЛ КЛУБ картичка од GooglePlay или AppStore под називот LUKOIL CLUB MACEDONIA која станува активна веднаш, без услови при регистрација.Оваа програма за лојалност е воведена на корпоративно ниво, а од компанијата велат дека доаѓа како резултат на нивната заложба да ги наградат своите лојални потрошувачии да им се заблагодарат за нивната лојалност, секогаш воведувајќи нешто ново и покажувајќи континуирана грижа за нивно подобро патување.

„За нашите клиенти правни лица веќе имаме активна програма за картички, меѓутоа отсега и нашите ценети потрошувачи физички лица можат да уживаат бројни привилегии и поволности, дотолку повеќе што нашата програма за лојалност е единствената преку која со собраните поени може повторно да се купи и гориво. Верувам дека на овој начин уште еднаш го потврдуваме вреднувањето на лојалноста на нашите клиенти, но и дека самата програма претставува чекор повеќе кон исполнување на нашата стратегија да создаваме долгорочни врски со потрошувачите, секојдневно олеснувајќи им го патувањето“, изјави г-дин Андреј Куку, регионален управител на ЛУКОИЛ Македонија.

Друга интересна можност за членовите на оваа програма за лојалност е тоа што во мобилната апликација може да се креира и „Круг на пријатели“,

односно да се додадат картички со чии сопственици може да се споделуваат поените.